# РАДЕ КОНЧАР - ТЕП




## 2024

## Извештај

info@koncar.com.mk

# ESG ИЗВЕШТАЈ
# 2024

РАДЕ КОНЧАР - ТЕП

# Содржина

Порака од Генералниот директор 04
Кои сме ние 06
Нашата стратегија и ориентација 10
Цели за одржлив развој 12
Вредности на Компанијата 15
Материјалност 16
Социјални аспекти 19
Спроведени обуки на вработени во 2024 22
Синџир на снабдување 23
Членство во здруженија 26
Корпоративно управување 27
Управувачка Структура 29
Организациска Структура 30
Засегнати страни 31
Сертификации за стандарди 33
Ризик од климатски промени 34
Економски влијанија 36
Влијание врз животната средина 37
Гориво 40
Електрична енергија 42
Вода 45
Управување со отпад 47
Обединета визија - Одржливост преку знаење 50
Спонзорства и Донации 53

# Порака од Генералниот директор

**Драги соработници,**



Генерален директор
М-р Антевски Горан, дипл.маш.инж.

Ефектите од глобалните случувања како што се климатските промени, загадувањето на животната средина и намалувањето на ресурсите одамна станаа дел од нашето секојдневие. Иднината зависи од одржлива економија и начин на живот, а патот до таму е задача за општеството како целина. Во нашата Компанија грижата за **ESG** стана составен дел од нашето секојдневно работење, нешто на што сме **многу горди.**
Транспарентноста и одговорноста се принципите „оживеани“ преку нашата пракса и темелите врз кои градиме однос на доверба со сите заинтересирани страни презентирани во овој извештај.

Свесни сме дека успехот на компанијата зависи не само од финансиските резултати, туку и од нашата способност позитивно да влијаеме на средината во која живееме и работиме.

**Раде Кончар - ТЕП** постојано се стреми своето работење да го усогласува со принципите на одржлив развој. Новите инвестиции во производствена опрема, нужно вклучуваат поглед на одржливост, како за компанијата така и за животната средина и локалната заедница. Веќе имаме спроведено мерки за енергетска ефикасност и користење на обновливите извори на енергија во производните погони.

Активностите и мерките што ги преземаме во врска со ESG, ги презентираме во овој извештај. Како Компанија што езгистира на пазарот многу години, секогаш во фокусот на нашето внимание беше и останува грижата за околината, вработените и заедницата. Во сите овие активности Раководството се води од фактот дека вработените во Компанијата се нашиот најголем приоритет и тоа го покажуваме со нашата континуирана грижа и заштита на нивното здравје, примена на сите безбедносни стандарди, почитување на нивните права.

# Порака од Генералниот директор

Намалување на штетните емисии, ориентираност кон користење на „зелена енергија“, менаџирање на отпадот, примена на најнапредна технологија, повеќекратна контрола, како и големата свест на вработените, резултираат со производи произведени со примена на највисоките еколошки, безбедносни и стандарди за квалитет. Соработката со локалната заедница и опкружувањето е различна и повеќекратна. На темелите на општо прифатените правила, Компанијата континуирано се залага за протекување на позитивни вредности, за човечко достоинство и задоволство, а со конкретни активности се вклучува и во животот на целокупната заедница . Нашите активности во овој домен се насочени во поддршка на децата, младите, нивното образование и усовршување, поддршка на социјално загрозените категории, спортски активности и настани, како и учество во хуманитарни акции.

Способноста да се донесуваат етички и висококвалитетни одлуки е од суштинско значење за градење на одржлив бизнис. Нашата догогодишна историја и постоење, нашата свесност за придобивките од доброто корпоративно управување, ориентираност кон животната средина, вработените и општествената заедница, не прави препознатливи како високо респектирана Компанија во локални и во меѓународни рамки, како сигурен и посакуван партнер, партнер од доверба, на кој можат да се потпрат нашите деловни партнери.
Како раководство и Компанија остануваме и понатаму посветени на нашите вредности, успехот, одржливиот развој и животната средина.

**• Овој ESG извештај, го опфаќа едногодишниот циклус на известување, од 1 јануари до 31 декември 2024 година.**



# КОИ СМЕ НИЕ

# КОИ СМЕ НИЕ

**Раде Кончар ТЕП** е водечка компанија во металопреработувачката и електро-индустрија како во Македонија така и во останатите Балканските земји. Претставува дел од брендот "Раде Кончар" што егзистира 77 години.

Од своето основање во 2006 година, Раде Кончар - ТЕП како дел од Раде Кончар-Сервис, континуирано се развива во насока на иновација на нови производи, иновации во процесот на производство, иновации во пристапот на работа и опслужување на пазарот со квалитетни производни решенија. Нашата компанија нуди комплетни решенија од областа на генерирањето и дистрибуцијата на електричната енергија, како и специјализирани решенија за индивидуалните барања на клиентите.

Нашите технички оддели постојано работат на подобрување и усовршување на функционалноста, квалитетот и изгледот на нашите производи.

Успехот на нашите производни решенија се должи на посветеноста, професионалноста и страста на нашиот тим, постојано следење на барањата на пазарот и светските трендови, како и комбинирање на функционалноста и дизајнот на нашите решенија.

Веруваме дека постојаното инвестирање во истражување и развој е суштински дел од поддржување на иновативна и развојна економија, која помага во одржување на работни места со висока вредност и помага во привлекување на нови бизнис можности и талентиран кадар.



## Основна дејност на Компанијата е:

Производство на дистрибутивни маслени трансформатори



Производство на трафостаници за напони 20 - 10 / 0.4 kV и моќност до 1000 kVA



Производство на приклучни и мерно-разводни ормари



Производство на ормари за полуиндиректно мерење



Производство на ниско напонски командни табли, разводни табли и ормари за потреби во индустријата



Производство на командни и управувачки пултови за процеси во индустријата



Производство на високо напонски постројки за напонско ниво до 110 kV



Производство на печки на пелети



Производство на високо напонски раставувачи од 12kV и 24 kV



# Основна дејност на Компанијата е:

**Производство на Перфорирани носачи на кабли (ПНК)**



**Производство на сталажи за високо регални магацини**



**Производство (монтажа) на полиестерски ормари**



**Мерни струјни трансформатори**



**Напонски мерни трансформатори**



**Производство на училишен инвентар (клупи и столчиња)**



**Пластифицирање на метални делови (површинска заштита на метали)**




**Изработка на комплетни проекти, монтажа, испитување и пуштање во работа на нисконапонски, среднонапонски и високонапонски комплексни објекти**



# Нашата стратегија и ориентација

## Фокус на нашата среднорочна стратегија

1. Општествено одговорно работење, како би постигнале одржливост во општественото и економското опкружување.

2. Управување со процесите со цел, реализација на пропишаниот квалитет на производите и постојано подобрување на енергетските перформанси на постројките и опремата.

3. Тежнеење кон разбирање на сите актуелни и идни потреби на клиентите, исполнување на барањата на купувачите и надминување на нивните очекувања.

4. Планирање на цели и обезбедување на сите потребни ресурси за реализација на нашите производи и процеси.

5. Вклучување на сите вработени, нивното знаење, здравје и безбедност, иновации и креативност.

6. Примена на важечките закони, меѓународни стандарди, добри индустриски и деловни практики.

7. Корисни односи со добавувачите, оптимизирање на трошоци и ресурси, транспарентна комуникација, како и создавање на услови за брзи и флексибилни одговори на промените.

8. Набавка на енергетски ефикасни производи, со цел ширење на свест за енергетска ефикасност во нашето деловно опкружување.

9. Заштита на животната средина, заради превентивно делување на загадувањата, како и постигнување на минимален ризик од хаварија.

10. Грижа за здравјето на вработените, и елиминирање на негативни попследици.

11. Општествена одговорност кон вработените, младите, лицата со попреченост, локалната заедница и општеството во целина.

12. Унапредување на квалитетот на нашите процеси и производи, со цел одржлив развој и зголемување на енергетската ефикасност на процесите.



## Финансиски показатели

**Вкупни средства:**

**1.530 мил. ден.**

**Вкупен приход:**

**702 мил. ден.**

**Вкупна добивка:**

**117 мил. ден.**

**Вкупни инвестиции:**

**28,6 мил. ден.**

**Дадени донации и спонзорства:**

**1,8 мил. ден.**

## ESG податоци 2024

**Број на вработени според пол 2024:**

Мажи: **57**
Жени: **23**

**Број на вработени според возраст 2024:**

Помлади од 30г.: **14**
Од 30 до 50г.: **54**
Постари од 50г.: **12**

**Број на вработени според образование 2024:**

< ССС: **6**
ССС: **39**
ВСС: **28**
> ВСС: **7**

**Број на вработени на раководен тим според пол 2024:**

Мажи: **3**
Жени: **2**

# ЦЕЛИ ЗА ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ

Известувањето, во согласност со стандардите на Глобалната иницијатива за известување (GRI), за активностите поврзани со општествената одговорност на **Раде Кончар – ТЕП**, е структуирано според три клучни групи на индикатори. Овие индикатори се дефинирани врз основа на мисијата и визијата на компанијата, среднорочниот и долгорочниот стратешки план, како и врз основа на суштински повратни информации од клучните засегнати страни. Меѓу нив се издвојуваат: инвеститорите, вработените, крајните потрошувачи, локалната заедница и пошироката јавност.

## 1 ЕКОНОМСКИ индикатори

- **Одржлив финансиски раст**
- **Континуирана работа за подобрување на производите и обезбедување на додадена вредност за клиентите**
- **Инвестиции во сопствени истражувачки капацитети и развој**
- **Оперативна ефикасност**
- **Технолошки фокус**
- **Интернационализација на бизнисот и партнерски однос со добавувачите**
- **Континуирана работа за подигање на професионалните способности на вработените**



# 2 Социјални - Општествени индикатори

- Континуирано градење блискост со клиентите и партнерите
- Работа на подобрување на културата и двонасочната комуникација
- Вклучување на вработените во заедницата и споделување на знаењето
- Членство во македонски и меѓународни друштва и здруженија
- Континуирани инвестиции во развојни активности и иновации, обука на вработените, систем на плати и награди
- Поддршка и кофинансирање иницијативи, проекти и активности поврзани со машинството и електро техниката
- Спорт, студентски проекти, едукација на потрошувачите

# 3 Индикатори за Животната Средина

- Континуирани инвестиции и вложувања во подобрување на работните услови и процеси, со фокус на заштита на животната средина и примена на енергетски ефикасни технологии
- Континуирана едукација на вработените за заштита на животната средина
- Следење на општествено одговорното работење на партнерите и добавувачите
- Поттикнување на вработените да учествуваат во волонтерски акции за чистење, пошумување, хуманитарна помош и слично
- Посебен акцент на управувањето со отпадот



**Зелена планета – Зелена иднина**

**Во оваа насока, во целокупниот деловен процес и активности, особено внимание посветуваме на интегрирањето на шест глобални цели:**

1. Обезбедување здрав живот и промовирање на благосостојба

2. Постигнување на родова еднаквост преку поттикнување на учеството и вклученоста на женската популација

3. Зачувување и одржливо користење на ресурсите за одржлив развој

4. Развој на приспособлива инфраструктура, промовирање на инклузивна и одржлива индустријализација, како и поттикнување на иновациите

5. Обезбедување одржливи форми на потрошувачка и производство

6. Промовирање на инклузивен и одржлив економски раст, целосна вработеност и пристојна работа за сите

# Вредности на Компанијата

- Интегритет
- Иницијативност
- Почит
- Инклузија
- Одговорност
- Извонредност
- Препознатливост
- Одржливост




# Материјалност

# Материјалност

Материјални теми за кои ќе известуваме одредени се на основа на внатрешни и надворешни фактори.

Мисијата на Компанијата е да го подобри квалитетот на животот, здравствената заштита, а стратешките одредници се поврзани со интернационализација на работењето, оперативна ефикасност, технолошка фокусираност и континуирано градење блискост со клиентите и партнерите.

Покрај наведените внатрешни фактори, надворешни фактори кои влијаат на дефинирање на материјалните теми се однесуваат на директно изразените интереси на засегнатите страни.

Сумирањето на добиените одговори не доведе до следните очекувања, наши и на нашите клучни чинители, според кои ги идентификувавме релевантните материјални теми:

**Компанијата е поврзана со влијанијата преку сопствени активности, но и преку активностите што се резултат на деловни односи со други органи и тела**

**Обезбедување на достапност на ресурси за работа**

**Континуирано инвестирање во образованието**

**Континуирана грижа и подобрување на инвестициите во заштита на здравјето и безбедноста при работа**

**Заштита на животната средина**

**Вклучување и споделување на знаењето**

**Одржлив финансиски раст**



# СОЦИЈАЛНИ АСПЕКТИ

**Клучни социјални апекти** во фокусот на нашето внимание се:  системот на наградување на вработените, обуки  и развој на вработените, полова еднаквост и инклузија, забрана за дискриминација, поттикнување и развој на пријатна работна средина со инкорпорирање на принципите на човечност и почит.

Во процесот на унапредување на вработените Компанијата има дефинирано цели за унапредување како резултат на ангажирањето на сите вработени. Врз основа на тоа се потврдени пет цели кои го сочинуваат **Корпоративниот акционен план 2024 / 2025:**

1. **Поставување и имплементирање конкурентен систем на плати, стимулации, бонуси и бенефиции**
2. **Обезбедување приоритети и цели на ниво на целина на Компанијата и сите вработени**
3. **Создавање чувство на припадност на Компанијата**
4. **Обезбедување побрзо и поедноставно одлучување, како и доследност во спроведувањето**
5. **Поставување и имплементирање систем за промоција и развој на кариера**

**Фокусот е ставен на обезбедување на предуслови за развој на кариера и унапредување на вработените:**

1. Првата фаза опфаќа поставување на едноставен, разбирлив и мерлив систем на компетенции кој е основа за развој на вработените.
2. Втората фаза е дел од редовни перформанси. Продолжуваме со оценувањето на вкупните перформанси на сите вработени, кое вклучува три клучни проценки:

**А**
Реализација на годишни цели

**Б**
Извршување на редовни задачи

**В**
Потребно ниво на компетентност за моменталната позиција

Дополнителни две фази ќе вклучуваат долгорочна компетентност за потребите на Компанијата и проценката на сечија подготвеност во однос на долгорочните барања.

Поставен е систем за компетенции кој опфаќа основни однесувања и тој првенствено служи за насочување на извршување на редовни задачи за индивидуалниот успех на постојното работно место.

Основните компетенции дефинираат очекувани практики и ставови, кои се заеднички за сите вработени без разлика на нивната функција, улога или работно место.

Овие компетенции ги одредуваат основните карактеристики на сите вработени на Компанијата, и преку нив се отчитуваат вредностите на Компанијата и корпоративната култура.



Исто така, лансирана е нова програма преку која практично се образуваат студенти и средношколци. За реализација на програмата потпишани се Меморандуми за соработка со дел од Факултетите при Универзитетот “Св. Кирил и Методиј“, како и дел од средните државни училишта.

---

Вработените во Компанијата напредуваат хиерархиски, или во поголема мера преку промени во одговорностите на постојното работно место, или преку внатрешни трансфери на други работни места каде ќе усвојат нови знаења, како и подобрување на постојното знаење и споделување на истото со другите вработени.

---

Во Компанијата нема  разлика во почетната плата за мажи и жени, и деловните резултати на Компанијата се рефлектираат во награди за вработените. Преовладувачкиот број на вработените во Компанијата е мажи поради природата на самиот производствен процес, машинство.

Вкупниот број вработени во Компанијата во текот на деловната 2024 година, изнесува 80 вработени.



# Спроведени обуки на вработени во 2024

1 3Д технологии, Скопје

2 Развој на нови продукти како растечка стратегија, Скопје

3 Управување со роботи, Krakow Poland

4 Lean Six Sigma, Smart Learny Factory, Скопје

5 Континуирано професионално усовршување во областа на сметководството, Скопје

6 Запознавање со нови производи, Slovenia

7 Надворешна обука за Здравје и безбедност при работа

8 Внатрешна обука за Здравје и безбедност при работа

9 М6 Едукативен центар











# СИНЏИР НА СНАБДУВАЊЕ

Во својот синџир на снабдување, Компанијата соработува со голем број на добавувачи. Сите добавувачи мора да исполнуваат високи стандарди на машинската и електро индустрија, а материјалите и услугите се набавуваат исклучиво од одобрен извор со постојан квалитет.

Покрај првичната проверка, новите и долгогодишните добавувачи подлежат на редовни инспекции (на секои две до три години), каде покрај системот за квалитет, се оценува и целокупното нивно работење.

Односите со партнерите Компанијата ги гради на принцип на доверба, меѓусебно разбирање и меѓусебно почитување на желбите и потребите. Исто така, партнерството со добавувачите е предуслов за управување со синџирот на снабдување, што директно влијае на заштеди и профитабилност на Компанијата.

Посебно внимание се посветува на тоа колку партнерите исто така обрнуваат внимание на грижата за општеството и животната средина, како и за нивните вработени и другите засегнати страни.

Компаниите кои ги применуваат принципите на општествено одговорно работење имаат предност при изборот, и за клучните добавувачи тоа е неопходен предуслов. Сите добавувачи на Компанијата се сертифицирани според ИСО 9001, стандард што се однесува на управување со квалитетот.



# СИНЏИР НА СНАБДУВАЊЕ

Во рамки на синџирот на снабдување, исто така важна улога играат компании кои обезбедуваат транспортни услуги.

Од добавувачите се очекува да се докажат во однос на квалитет, брзина, иновативност и целосна економска транспарентност.

Се избираат компании кои редовно ги сервисираат и правилно ги одржуваат возилата, а имаат и пониска емисија на штетни гасови.

Во магацините и производствените погони Компанијата се пренасочи од користење на вилушкари на дизел гориво, на вилушкари на плински или електричен погон, со што директно се влијае на намалување на загадувањето на животната средина.

Сите нови транспортни возила се со вграден систем за исклучување на моторот при сопирање, па и таму придонесуваме за помалку загадување на животната средина.



**Во текот на 2024-та година беа активни вкупно 10 проекти во различни фази на технолошка зрелост:**

**8** Проекти поврзани со сопствен развој на нов производ

**2** Проекти за подобрување на производите од постојното портфолио

**4** Проекти се поврзани со значајни иновации во споредба со претходните

Со **три партнери** отворени се програми на проекти за трансфер на технологија кои вклучуваат повеќе **производи.**

**Оваа промена беше иницирана поради технолошкиот прогрес и следење на новите технологии.**



# ЧЛЕНСТВО ВО ЗДРУЖЕНИЈА

Членството во македонски и меѓународни друштва и здруженија, дава можност за континуирано следење и усвојување на нови стандарди и актуелни образовни програми, како и размена на искуства и поврзување со водечки експерти во областа на машинство, електро индустрија, економија и одржлив развој.

## Раде Кончар- ТЕП е членка во:

- Стопанска комора на Северна Македонија
- Здружение на електро и металопреработувачка индустрија
- Организација на работодавачи на Македонија
- АОТС Македонија, Македонско- јапонско здружение за техничка соработка
- AHK Nordmazedonien
- Организација на потрошувачи на Македонија
- АТА Евро-атлантски Совет на Северна Македонија
- Комора на овластени инженери и архитекти
- Институт за стандардизација на Република Северна Македонија

## Дополнително има склучено:

- **Меморандум за соработка со Машинскиот факултет при УКИМ.**
- **Меморандум за соработка со факултетот за Електротехника и Информатички технологии при УКИМ.**



# Корпоративно управување

# Корпоративно управување

Способноста да се донесуваат етички и висококвалитетни одлуки е од суштинско значење за градење на одржлив бизнис.

Корпоративното управување ја дефинира структурата на моќ на организацијата, структурата на одговорност и процесот на донесување на одлуки.

Целта на доброто управување е воспоставувањето на практики и процедури за Компанијата да работи на начин на кој ќе ги исполни своите цели, како и да се осигура дека се воспоставени соодветни процеси на донесување одлуки и контроли, со цел да ги задоволат и заштитат интересите на сите засегнати страни (инвеститори, вработени, добавувачи, клиенти и заедницата).

Компанијата има усвоено Кодекс за корпоративно управување, Етички кодекс, Кодекс на однесување.

Работењето на Компанијата се заснова на принципите на законитост, транспарентност, деловен публицитет, спречување на конфликт на интереси, ефективен внатрешен надзор, зајакнување на личните одговорности и општествено одговорно работење.

Компанијата во своето работење применува внатрешни политики за работа, како и принципи кои гарантираат заштита на интересите на сите засегнати страни.



# УПРАВУВАЧКА СТРУКТУРА

## Состав на Раководството на Компанијата е:

**М-р Антевски Горан,**
**дипл.маш.инж.**
**Генерален директор**

**Канческа Ана,**
**дипл.ел.инж.**
**Раководител на Комерција**

**М-р Карадаков Сашко,**
**дипл.ел.инж.**
**Раководител на Технички сектор - Е**

**Талески Јане,**
**дипл.маш.инж.**
**Раководител на Технички сектор – М и Сектор за механичка обработка на лим и пластификација**

**М-р Стојковска Ивана,**
**Раководител за електро монтажа**

**М-р Трајковски Марјан,**
**дипл.маш.инж.**
**Претставник на раководството за имплементација на Стандарди за управување**

# Организациска Структура



# Засегнати страни



# Засегнати страни

| | |
|---|---|
| Вработени | Финансиски институции |
| Деловни партнери и добавувачи | Инвеститори |
| Поширока јавност | Државна и локална заедница |
| Меѓународни сертификациони тела | Образовни институции |



Свесни за важноста од инвестирање во идните генерации, зајакнување на врската меѓу економскиот и научниот сектор, како и меѓусебното споделување на знаења и искуства, во текот на известувачкиот период ја продлабочивме соработката со академската заедница.

Слушавме интереси, мислења, ставови и предлози на студенти, и затоа ги класифицираме во овој извештај меѓу клучни чинители, со кои заеднички придонесуваме за одржлив развој на Компанијата.

Процесот на континуирано унапредување на процесот на управување и одлучување во насока на одржлив развој и раст на Компанијата, придонесува за додадена вредност за акционерите односно содружниците на Компанијата.

Одржлив модел на работење и промоција на одговорни практики, придонесува на зголемување на продажбата и уделот на пазарот, намалување на оперативните трошоци, зголемување на атрактивноста за инвеститори и финансиски аналитичари, кои се клучни чинители за опстанок на современите компании на конкурентниот пазар.

# СЕРТИФИКАЦИИ ЗА СТАНДАРДИ

**Во текот на 2024-та година, успешно се завршени Ресертификациони / Надзорни аудити за Стандардите:**

## ISO 9001

**Систем за управување со квалитет**

## ISO 14001

Систем за управување со животната средина

## ISO 27001

Систем за управување со безбедност на информации

## ISO 45001

Систем за управување со здравје и безбедност при работа

TÜVRheinland®
Precisely Right.



Сертификат

| | |
|---|---|
| Стандард | **ISO 45001:2018** |
| Рег. бр. на сертиф. | TRBA 113 0125/02 |
| | ТЮФ Рейнланд България ЕООД потврдува дека: |
| Сопственик на сертификатот | **Раде Кончар-ТЕП (Трансформатори електрични постројки) Д.О.О.ЕЛ.** бул. 3-та Македонска бригада 52 1000 Скопје Република Северна Македонија |
| Област на примена | **Развој, проектирање производство и монтажа на трафостаници, трансформатори, СН и НН опрема, перфорирани носачи на кабли, командни пултови и ормари. Производство на печки на пелети.** |
| | Преку ревизија беше обезбеден доказ дека барањата на ISO 45001:2018 се исполнети. |
| Рок на важење | Овој сертификат во содејство со главниот сертификат TRBA 113 0125 е валиден од **22.11.2023** до **04.11.2026**. |

22.11.2023

ТЮФ Рейнланд България ЕООД
бул. Драган Цанков № 36, 1040 София



Сертификат

| | |
|---|---|
| Стандард | **ISO 14001:2015** |
| Рег. бр. на сертиф. | TRBA 110 0002/02 |
| | ТЮФ Рейнланд България ЕООД потврдува дека: |
| Сопственик на сертификатот | **Раде Кончар-ТЕП (Трансформато електрични постројки) Д.О.О.ЕЛ.** бул. 3-та Македонска бригада бр. 52 1000 Скопје Република Северна Македонија |
| Област на примена | **Развој, проектирање производство и монтажа на трафостаници, трансформатори, СН и НН опрема, командни пултови и ормари. Производство на печки на пелети.** |
| | Преку ревизија беше обезбеден доказ дека барањата на ISO 14001:2015 се исполнети. |
| Рок на важење | Овој сертификат во содејство со главниот сертификат TRBA 110 0002 е валиден од **24.06.2023** до **23.06.2026**. |

31.05.2023



Сертификат

| | |
|---|---|
| Стандард: | **ISO/IEC 27001:2013** |
| Рег. бр. на сертиф.: | **01 153 2220063/01** |
| Сопственик на сертификатот: | **Раде Кончар-сервис и поправка на електрични производи Д.О.О.** бул. 3-та Македонска бригада бр. 52 1000 Скопје Р. Северна Македония |
| Локација: | филиал **Раде Кончар-ТЕП (Трансформатори и електрични постројки) Д.О.О.ЕЛ.** бул. 3-та Македонска бригада бр. 52 зграда „Раде Кончар – ТЕП, спрат 0 и 1 1000 Скопје Р. Северна Македония |
| Област на примена: | Развој, проектирање, производство и монтажа на трафостаници, трансформатори Средронапонска-СН и Нисконапонска–НН опрема, перфорирани носачи на кабли, командни пултови и ормари. Производство на печки за пелети. Согласно Изјавата за применливост од 28.05.2022 |
| | Преку ревизија беше обезбеден доказ дека барањата на ISO/IEC 27001:2013 се исполнети. |
| Рок на важење: | Овој сертификат е валиден во врска со основниот сертификат 01 153 2220063 од 2022-10-19 до 2025-10-18. |

2022-10-19

TÜV Rheinland Cert GmbH
Am Grauen Stein · 51105 Köln



Сертификат

| | |
|---|---|
| Стандард | **ISO 9001:2015** |
| Рег. бр. на сертиф. | TRBA 100 0412/02 |
| | ТЮФ Рейнланд България ЕООД потврдува дека: |
| Сопственик на сертификатот | **Раде Кончар-ТЕП (Трансформато електрични постројки) Д.О.О.ЕЛ.** бул. 3-та Македонска бригада бр. 52 1000 Скопје Република Северна Македонија |
| Област на примена | **Развој, проектирање производство и монтажа на трафостаници, трансформатори, СН и НН опрема, командни пултови и ормари. Производство на печки на пелети.** |
| | Преку ревизија беше обезбеден доказ дека барањата на ISO 9001:2015 се исполнети. |
| Рок на важење | Овој сертификат во содејство со главниот сертификат TRBA 100 0412 е валиден од **01.06.2023** до **12.05.2026**. |

01.06.2023



# РИЗИК ОД КЛИМАТСКИ ПРОМЕНИ

# РИЗИК ОД КЛИМАТСКИ ПРОМЕНИ

Климатските промени се едни од главните **економски, социјални и еколошки предизвици** на нашето време.

Последиците од климатските промени се чувствуваат во сите делови на светот.

Во некои региони, сè почесто доаѓа до екстремни временски услови и дожд, додека во други региони се појавуваат се поинтензивни топлотни бранови и суши.

Физичкото влијание на климатските промени врз здравјето, веќе е видливо. Во некои региони, зголемен е бројот на смртни случаи поврзани со топлина, додека во други региони е намален бројот на смртни случаи поврзани со студ.

Веќе се видливи промени во распространетост на некои болести, кои се пренесуваат преку вода и носители на болести.

Штетите на имотот и инфраструктурата, како и на здравјето на луѓето претставуваат големи трошоци за општеството и економијата.

Дополнителни ризици поврзани со климатските промени се регулаторните ризици, кои произлегуваат од воведувањето на прописи поврзани со емисија на стакленички гасови.

Влијанието на ризиците од климатски промени во Компанијата е индиректно и се однесува на потенцијални штети на имот и инфраструктура, доцнење во синџирот на снабдување, зголемен број здравствени проблеми кај вработените и зголемени трошоци поврзани со регулаторниот ризик.

Компанијата се заштитува од овие ризици со подобрување на енергетската ефикасност, со постојана грижа за својот еколошки отпечаток и доведување на емисиите на штетни гасови на минимум, со инвестирање во инфраструктура и преку подобрување на условите за работа и климатизација на сите локации, како и преку едукација на вработените за последиците од климатските ефекти врз здравјето.

# ЕКОНОМСКИ ВЛИЈАНИЈА

**Компанијата позитивно влијание врз работната средина.
Интензитетот и видовите на индиректните економски влијанија е различно, но тие се генерираат преку:**

- Зголемување на производниот капацитет и отворање нови работни места
- Поттикнување на локални производители и зголемување на број на работни места во синџирот на снабдување
- Учество во бројни хуманитарни акции





# ВЛИЈАНИЕ ВРЗ ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

**2024-та година беше одбележана со спроведување на мерки за енергетска ефикасност или имплементација на нови решенија, за подобро искористување на енергијата и ресурсите, со фокус на заштеди.**



**Темата е материјална за Компанијата поради значајните еколошки и економски влијанија поврзани со енергијата, и разумните очекувања и интереси на засегнатите страни дека Компанијата систематски се грижи за:**

Контрола на загубите на енергија во развојот, производството и дистрибуцијата, со примена на превентивни мерки за одржување на мрежата, и инвестиции во целокупниот систем.

Трајно усогласување и стремеж да се надминат законските и другите барања во областа на управување со енергија, но и во сите други области применливи за работа.

Обезбедување на достапност на информации и податоци и континуирано подобрување на методите за анализа на податоци за сопствената потрошувачка на енергија (струја, вода, гориво, плин, гас), и препознавање на можности и примена на активности за подобрување на енергетските перформанси.

Постојано подигање на свеста за важноста на енергетската ефикасност кај сите корисници.

Енергетска ефикасност при дизајнирање, надградба и модернизација на Системот.

Набавка на енергетски ефикасни машини, уреди и возила, како и енергетски услуги.

Имплементација на Систем за управување со енергија,
согласно барањата на Стандардот ISO 50001:2018



**Раководството ги одредува целите на управувањето со енергетскиот систем и обезбедува ресурси за постигнување на овие цели.**

**Во исто време, учеството во Системот за управување со енергијата е определба на сите вработени како клучни носители на активностите на системот.**

**Главните извори на енергија што се користат во рамките на Компанијата се струја и нафта (екстра лесно гориво).**

**Со поттикнување на одржлив економски раст во животната средина, Компанијата ќе продолжи како и во претходните години, да користи само произведена електрична енергија од обновливи извори.**

**Во нашите системи за климатизација, се користи медиум за ладење кој по својот хемиски состав не ја загадува животната средина.**

**Сервиси и поправки бараме исклучиво со овластени партнери и се вршат на редовна основа.**

**Покрај мерките за добро управување и инвестирање во опрема, беа спроведени следните мерки за намалување на потрошувачката на енергија:**

1. Замена на постојното осветлување со ЛЕД осветлување
2. Регулирање на температурата на работните, складишните и канцелариските простори
3. Соларно загревање на топла вода
4. Систем за далечинско следење на потрошувачката на сите искористени извори на енергија






# Гориво

# Гориво

## Потрошувачка на гориво (бензин за моторни возила):

| 2024 | Бензин 95 | Потрошена енергија | Емисија на CO2 |
|---|---|---|---|
| | во литри | во kWh | во t / kWh |
| **Вкупно** | **4.415** | **45.917** | **10.2** |

• Специфична емисија на CO2 по потрошен литар бензин изнесува 2.31 кг. (стандардна вредност според IPCC и EPA)

## Потрошувачка на гориво (дизел за моторни возила):

| 2024 | Дизел | Потрошена енергија | Емисија на CO2 |
|---|---|---|---|
| | во литри | во kWh | во t / kWh |
| **Вкупно** | **11.827** | **125.365** | **31.5** |

# ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА




**Потрошена електрична енергија**

**Произведена електрична енергија**

Го намалуваме користењето на електричната енергија преку интеграција на сончевата енергија за напојување на машините и опремата во производствениот процес. Во изминатите **три години** постигнавме значителни заштеди во потрошувачката, што резултираше со намалена емисија на штетни материи и подобрување на влијанието врз **животната средина.**



# ВЛИЈАНИЕ ВРЗ ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Во текот на **2024 година** Компанијата инвестираше во фотоволтаични панели и со тоа оствари евидентна заштеда на електрична енергија.

Преку употребата на зелена енергија во процесот на производство и климатизација на сите работни простории се намали употребата на нафта за овие потреби.

Во исто време ја сведовме емисијата на стакленички гасови на минимална количина од **36.1 тони** на годишно ниво.

Ориентираност на Компанијата е постојано изнаоѓање и примена на поеколошки средства во процесот на пластификација.

Во Компанијата се подготвува имплементација на Стандардот ИСО 50001:2018 за Системот за управување со енергија, врз основа на кој постојано ќе ја контролираме потрошувачката и ќе бараме подобрувања.



## Производство и Потрошувачка на CO2 2024 година



# Вода

**Поради значајни влијанија поврзани со водата врз животната средина, како и очекувањата и интересите на засегнатите страни, Компанијата систематски води грижа за:**

- **Воведување напредни процеси на перење и чистење**
- **Користење на технолошка вода за процесот на пластификација**
- **Користење на технолошка вода за наводнување на зелените површини**
- **Контролирано испуштање на вода и третман на вода преку прочистувачи пред испуштање во комунални системи**



Испуштањето вода е контролирано и истата ја третираме преку прочистувачи пред испуштање во комуналните системи.

Постојат прочистувачи на локацијата за пластификација, кои се обновуваат во согласност со нови технологии.

Пречистената вода се испушта во канализациониот систем, дренира и редовно се третира, испитува, така што квалитетот на испуштената отпадна вода е во согласност со поставените барања.

# Потрошена вода 2024

Компанијата се снабдува со вода од сопствени бунари. Истата се користи за технолошкиот процес на пластификација, и за системот на тоалетите.

Вода за пиење за вработените се купува од проверени и одобрени добавувачи.

Воведување на Системот за управување со потрошувачката опфаќа контрола и континуирано следење на потрошувачката на вода, што резултираше со директна заштеда и намалување на потрошувачката.

## Вода

техничка вода од сопствени бунари :

Потрошувачка на вода во m3

| | | | |
|---|---|---|---|
| Јануари | 12 | 14 | Јули |
| Февруари | 9 | 48 | Август |
| Март | 8 | 24 | Септември |
| Април | 37 | 21 | Октомври |
| Мај | 20 | 9 | Ноември |
| Јуни | 21 | 41 | Декември |
| | вкупно: | 264 | |

2024

- **Техничката вода се користи за процеси во производство, за полевање на зелени површини и за системите за физиолошки потреби на вработените.**

- **Вода за пиење се набавува од добавувачи и се користи преку инсталирани диспанзери за вода во сите сектори на Компанијата.**

# УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД

Во рамките на процесите за управување со заштитата на животната средина на Компанијата, приоритет е одговорен однос кон отпадот и развој на култура на правилно постапување со отпадот.

Тимот на Компанијата посветен на овој сегмент работи во рамките на одделот за техничка поддршка и постојано се стреми кон сеопфатен пристап кон управувањето со отпадот, намалување, искористување и отстранување на отпадот на начин кој е безбеден за животната средина.



Компанијата шири пријателски однос кон животната средина преку охрабрување за рециклирање на батерии и хартија, со некористење на пластични кеси, со користење материјали кои имаат помалку штетно влијание врз животната средина (еколошки кеси, еко-хартија) а еднаш годишно организира корпоративна акција за чистење на отпад во локалната заедница, на која одговараат сите категории вработени, вклучително и врвното раководство.

Преку своите производствени активности и процеси, Компанијата генерира опасен и неопасен отпад. Се грижиме за тоа дека отпадот се отстранува на адекватен и еколошки начин, имаме потпишан договор за отстранување на отпадот со неколку партнери. Партнерите се овластени трговски друштва за депонирање на отпад на територијата на Република Северна Македонија и ги имаат сите потребни дозволи за управување со опасен и неопасен отпад од страна на Министерство за животна средина.

Голем дел од неопасниот отпад се рециклира (пластика, стакло, метал, хартија и картон...) а вработените на Компанијата го одвојуваат на самата локација во Компанијата, каде што има простор наменет за сепарација на отпадот. Вака издвоениот отпад се дава на партнерот за третман, а партнерот го проследува до местото каде отпадот се третира на соодветни начини и повторно станува суровина што може да се користи.

Опасниот отпад се предава на партнерите, а партнерите го носат отпадот до Европските инсинератори (главно Грција) каде таквиот отпад се третира во согласност со високите стандарди.

# Вид на отпад со кој управува Компанијата

| Шифра на отпад | Опис на Отпадот | Опасен отпад |
|---|---|---|
| 20 01 21 | Неонски сијалици и друг отпад што содржи жива | Да |
| 20 01 21 | Отфрлена електрична и електронска опрема што не е наведена под 20 01 21 и 20 01 23 | Да |
| 07 06 99 | Пластика | Не |
| 07 06 99 | Стакло | Не |
| 15 01 01 | Хартиени и картонски паковки | Не |
| 15 01 02 | Пластични паковки | Не |
| 15 01 04 | Метални паковки | Не |
| 15 01 07 | Стаклени Паковки | Не |
| 15 02 03 | Абсорбенти, филтерски материјали, кои не се наведени под 15 02 02 | Не |
| 15 02 03 | Платна за бришење и заштитна облека, кои не се наведени под 15 02 02 | Не |
| 17 04 07 | Мешан отпаден лим | Не |
| 17 04 01 | Бакар | Не |
| 17 04 05 | Железо | Не |
| 17 04 02 | Алуминиум | Не |
| 17 04 01 | Месинг | Не |



# Извештај за создаден отпад во 2024 година

| Шифра на отпад | Опис на Отпадот | Маса (кг) |
|---|---|---|
| 20 01 21 | Неонски сијалици и друг отпад што содржи жива | 1 |
| 20 01 21 | Отфрлена електрична и електронска опрема што не е наведена под 20 01 21 и 20 01 23 | 20 |
| 07 06 99 | Пластика | 15 |
| 07 06 99 | Стакло | 10 |
| 15 01 01 | Хартиени и картонски паковки | 250 |
| 15 01 02 | Пластични паковки | 85 |
| 15 01 04 | Метални паковки | 65 |
| 15 01 07 | Стаклени Паковки | 28 |
| 15 02 03 | Абсорбенти, филтерски материјали, кои не се наведени под 15 02 02 | 7 |
| 15 02 03 | Платна за бришење и заштитна облека, кои не се наведени под 15 02 02 | 12 |
| 17 04 07 | Мешан отпаден лим | 88500 |
| 17 04 01 | Бакар | 1230 |
| 17 04 05 | Железо | 3660 |
| 17 04 02 | Алуминиум | 10 |
| 17 04 01 | Месинг | 157 |





# Обединета визија
# Одржливост преку знаење

greenovet
Skills for a Green Europe
European VET Excellence Platform for Green Innovation
Co-funded by the Erasmus+ Programme of the European Union

**Во 2024 е завршен проектот: Европска платформа за извонредност во стручното образование и обука за зелени иновации (GreenoVET).**

Во проектот беа вклучени Австрија (Штаерска област), Финска (Регионално ниво), Северна Македонија (Национално ниво) и Португалија (округ Леириа)

**GreenoVet е проект за поттикнување на развојот на стручното образование и обука (VET)**. Со зелени иновации низ цела Европа, се овозможува иновативна, инклузивна и одржлива економија. Се обезбедува платформа за меѓусебно поврзување на европските училишта за стручно образование и обука на регионално, национално и транснационално ниво меѓу нив, како и со клучните партнери во локалните екосистеми за иновации и вештини.



greenovet
Skills for a Green Europe

European VET Excellence Platform for Green Innovation

Co-funded by the Erasmus+ Programme of the European Union

## Реализирани општи цели на проектот:

1. Создадени европски модели на извонредност во стручното образование и обука преку меѓуинституционални центри за стручна извонредност, кои ќе поттикнат одржливо партнерство на средните стручни училишта, високообразовните институции и компаниите во индустријата за зелена технологија.
2. Поттикнати зелени иновации во Европа.
3. Развиени европски стратегии за најдобри практики за соработка меѓу давателите на стручно образование и обука и зелена технологија.
4. Поттикнат еколошки, социјален и економски развој во Европа, преку зелени и одржливи иновативни процеси овозможени од извонредноста во стручното образование и обука.




**Реализирани специфични цели на проектот:**

- Развиена платформа за одржлива соработка на Европските центри за стручна извонредност (CoVEs) во зелените иновации.

- Овозможени проекти за зелена технологија спроведени од ученици од средно и високо образование,

- Обезбедена меѓународна платформа за соработка и споделување на стручна извонредност во зелените иновации меѓу клучните засегнати страни.

- Воспоставени иновативни методи на настава и образовни трендови во стручното образование и обука преку CoVEs.

- Доближени можности за зелени иновации до пошироката јавност во Европа.



# СПОНЗОРСТВА

1. Џудо федерација
2. Ракометен клуб Аеродром
3. Japanet MK
4. Certiadria
5. Карате клуб „Цветан Димов“
6. Изложба на јапонски слики низ Македонија
7. Галички културен и музички настан
8. Re-Member Конференција
9. Естим ЛГ

## Донации

1. ААМК Друштво за аутизам од Скопје
2. АТА Евро-атлантски совет на Северна Македонија
3. Македонска православна црква – Охридска архиепископија

Во рамките на својата ESG стратегија за 2024 година, Раде Кончар – ТЕП ги зајакна активностите во делот на општествената одговорност преку поддршка на спортски, културни, образовни и хуманитарни иницијативи. Компанијата вложи значителни ресурси во проекти кои директно придонесуваат кон развој на заедницата, унапредување на здрави навики, поттикнување на едукација и негување на културното наследство. Преку девет спонзорства и три целосно транспарентни донации, Раде Кончар – ТЕП демонстрира дека корпоративната одговорност е суштински дел од нејзината стратегија за одржлив раст.

# СПОНЗОРСТВА

## поддршка со реален импакт

Во делот на спонзорствата, Компанијата одлучи да вложи во организации и настани со долгорочен позитивен ефект врз општеството. Прво, поддршката на **Џудо федерацијата на Македонија** претставува инвестиција во спорт, кој ги негува дисциплината, менталната сила и самодовербата кај младите. Истовремено, преку спонзорството на **Ракометен клуб Аеродром**, компанијата придонесе кон развој на колективниот дух и физичката активност кај децата и младите, што е важно за изградба на здрава иднина.



# СПОНЗОРСТВА
**поддршка со реален импакт**

1. Соработката со Japanet MK го одразува интересот на Раде Кончар – ТЕП за интернационална соработка и трансфер на вредности од јапонската култура како што се прецизност, одговорност и почит.
2. Во културната сфера, Компанијата ја поддржа изложбата на јапонски слики низ Македонија, со што поттикна креативност и културна размена.
3. Преку спонзорството на Certiadria, Компанијата директно вложи во дигиталната писменост и професионалниот развој на младите преку лиценцирање и ИТ обуки.

---

Во спортскиот сегмент, особено внимание беше посветено и на Карате клубот „Цветан Димов“, кој ги поттикнува младите кон спортски дух, одговорност и посветеност.

---

Поддршката на Галичкиот културен и музички настан претставува силен сигнал дека зачувувањето на македонската традиција е важно за идните генерации. Исто така, со учество во Re-Member конференцијата, Компанијата даде придонес во професионалната едукација и вмрежување на млади лидери и претприемачи. Конечно, поддршката на ESTIEM ЛГ е насочена кон студентите од техничките факултети, каде што се поттикнува развој на идните менаџери и инженери.





# Донации

хуманост и вредности

Покрај спонзорствата, **Раде Кончар – ТЕП** реализираше три значајни донации. Најпрво, поддршката на **ААМК – Здружение за аутизам** од Скопје претставува израз на длабока солидарност со семејствата и децата со аутистичен спектар, обезбедувајќи подобри услови за нивна интеграција и поддршка.

---

Со донацијата за **АТА – Евро - атлантскиот совет** на Северна Македонија, Компанијата го поддржа дијалогот, стручните форуми и Евро-атлантските вредности, како дел од пошироката слика за демократски развој на државата.

---

Конечно, со поддршка на **Македонската православна црква – Охридска архиепископија**, Компанијата ја истакна важноста на духовните и традиционални вредности во изградбата на стабилна и хумана заедница.

Со реализација на овие 12 активности, Раде Кончар – ТЕП испрати јасна порака дека корпоративната стратегија не е целосна без општествен ангажман. Поддршката на спортот, културата, образованието и ранливите групи не е само чин на добра волја, туку стратешка определба за создавање одржливо, хумано и стабилно општество. Овие ESG активности се дел од визијата на Компанијата, преку која се стреми да биде не само индустриски лидер, туку и пример за општествена одговорност.






## РАДЕ КОНЧАР - ТЕП

Бул. 3-та Македонска Бригада,
бр.52, 1000 Скопје

Tel: +389 (2) 2402 481

www.koncar.com.mk